# ШТО (ЌЕ) НАПРАВИ ОПШТИНАТА ЗА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ ГОДИНАВА?

## Што вели Законот за еднакви можности на жените и мажите?

### Цел

Воспоставување на еднаквите можности на жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената граѓанската и било која друга област од општествениот живот

### Еднакви можности на жените и мажите

Отстранување на пречките и создавање услови за остварување на еднаквост помеѓу мажите и жените

### Еднаквост помеѓу мажите и жените

Еднакви права, можности, услови и третман во сите сфери на јавниот и приватниот живот

Отсуство на културни, социјални, економски и политички услови кои продуцираат нееднакви односи на моќ и нееднаква распределба на општетствените добра помеѓу мажите и жените

### ЕЛС (градоначалник, администрација, совет) како субјект се должни...

- Да го почитуваат принципот на еднакви можности
- Да ги промовираат и унапредуваат ЕМЖМ преку превземање на:

  **Основни мерки** (нормативни-забрана на дискриминација; систематска промоција како општествена вредност и воведување на родовата перспектива во планирањето, буџетирањето и известувањето

  **Посебни мерки** (позитивни; охрабрувачки; и програмски)
- Да изработуваат годишен план во кој ќе ги утврдат основните и посебните мерки.
- Да го инкорпорират принципот на ЕМЖМ во стратешките планови и буџети
- Да ги следат ефектите и влијанието на нивните програми врз жените и мажите
- Да известуваат во рамките на своите годишни извештаи
- Да соработуваат со здруженијата на работодавачите, синдикатот, невладините организации и здруженија активни на полето на еднаквите можности со цел да обезбедат предлози и мерки за постигнување на целта на Законот.
- Да прибираат, евидентираат и обработуваат статистички податоци, да ги прикажуваат според полова припадност и да ги доставуват до Државниот завод за статистика.
- Да формираат комисија за еднакви можности на жените и мажите, како постојно тело со одлука на советот, со состав, надлежности, задачи и обврски утврдени со статутот
- Да определат координатор за еднакви можности на жените и мажите од редот на државните службеници, со утврден делокруг на работата и задачите во актот за систематизација на работните места
- Да ги разгледуваат и да ги земат предвид предложените мерки и активности од страна на комисијата за еднакви можности на жените и мажите и координаторот за еднакви можности на жените и мажите.

### Механизмите како помош и поддршка....

**Комисијата за еднакви можности на жените и мажите (КЕМЖМ):**

- Дава мислење по однос на материјалите и предлозите за седниците на советот на ЕЛС;
- Учествува при креирањето и донесувањето на стратешките документи, особено стратегијата за развој на ЕЛС, донесувањето на буџетот, статутот, програмата за работа на советот на ЕЛС и др.
- Идентификува и дава предлози за начините на инкорпорирање и формализирање на принципот на еднакви можности и недискриминацијата во работата на органите на ЕЛС и општинската администрација;
- Се грижи за доследно спроведување на одредбите од овој и други релевантни закони;
- Предлага до советот на ЕЛС мерки и активности во насока на унапредување на еднаквите можности и недискриминацијата, врз основа на анализа на утврдените состојби во областите во надлежност на единицата на локалната самоуправа

**Координаторот за еднакви можности на жените и мажите:**

- Се грижи за унапредување на еднаквите можности и недискриминацијата
- Дава предлози и мислења до советот на ЕЛС и до институциите и организациите на локално ниво
- Ја следи, изработува извештаи за состојбата и предлага иницијативи за преземање на мерки;
- Соработува со КЕМЖМ и покренуваат заеднички иницијативи
- Соработува со невладините организации и останатите институции на локално ниво
- Се координира и соработува со Министерството за труд и социјална политика (МТСП), доставува годишен извештај за својата работа (31 март) и истиот го објавува на веб страницата на единицата на локалната самоуправа.

| | | |
|---|---|---|
| 1 јануари | 2 февруари | 3 март |
| 4 април | 5 мај | 6 јуни |
| 7 јули | 8 август | 9 септември |
| 10 октомври | 11 ноември | 12 декември |

## Насоки за планирање и дејствување

**01 Акти /Процедури**
- Усогласени /Дополнети постоечки
- Подготвени и усвоен и нови

**02 Промоција/Информирање**
- Осврт на еднаквоста и отсуство на сексизам во јавните настапи на градоначалникот и другите претставници на ЕЛС
- Поставени информации на веб страната на ЕЛС (планови, програми, активности, извештаи, услуги, можности)
- Објави/Гостувања/Промоција во локални медиуми
- Одржани информативни средби со жените (услуги, можности)
- Промоција на еднаквоста во конкурсите за вработување, јавните набавки и сл.

**03 Консултации**
- Утврден стандардизиран формат и методологија за консултации и соработка
- Одржани тематски состаноци, трибини, форуми, анкети, фокус групи (идентификување проблеми, родово засновани пречки, предлози, приоритети за финансирање и сл.)

**04 Статистика/Анализи**
- Утврдена листа на показатели за мерење на состојбата и трендовите со ЕМЖМ.
- Лоцирана обврска за континуирано прибирање, следење и анализа на родово разделена статистика и податоци во секоја од областите во надлежност на ЕЛС

**05 Годишен план со основни и посебни мерки**
- Подготовени стандардизиран формат на содржина, план и методологија за подготовка, со учество на засегнати страни
- Утврден систем на следење на реализацијата и оценување на ефектите од мерките
- Прибавено мислење за мерките од МТСП
- Усвојување од КЕМЖМ и советот
- Објава

**06 Посебни мерки**
- Запознавање со потребата и природата на мерките
- Утврдени/Спроведени мерки според Вид/Обем/Област/Содржина/Цел/Резултат

**07 Стратешко планирање/Програмирање**
- Обезбедена видливост на родовата еднаквост како принцип, експлицитна цел, во приоритетите, активностите, и резултатите
- Проценето влијание врз мажите и жените и родовата еднаквост
- Јасна поврзаност на резултатите, активностите и ресурсите во планирачките документи

**08 Буџет**
- Висина на средства обезбедени за реализација на годишните планови со основни и посебни мерки
- % од вкупен буџет
- Области/Намена
- Реализирано

**09 Извештаи**
- Подготовени стандардизиран формат на содржина, план и методологија за подготовка со учество на засегнати страни
- Усвојување од КЕМЖМ и советот
- Објава

**10 Координатор**
- Дадени предлози (Обем и Содржина)
- Дадени мислења (Обем и Содржина)
- Покренати иницијативи (Обем и Содржина)
- Прифатено/одбиено (Обем и Содржина)

**11 Совет**
- Присуство на ЕМЖМ во годишната програма за работа на советот
- Планирани/Разгледани точки на дневен ред
- Разгледани акти, извештаи, информации на пленарните седници
- Прифатени/Одбиени предлози и мислења, амандмани на КЕМЖМ

**12 КЕМЖМ**
- Обем/Динамика на одржување на седници
- Планирани/Разгледани точки на дневен ред
- Разгледани материјали, информации, извештаи, доставени од службите
- Донесени заклучоци
- Доставени мислења/предлози до советот, градоначалникот, службите
- Изготвени/Поднесени амандмани на буџет во врска со ЕМЖМ

**13 Капацитети**
- Информираност на субјектите во ЕЛС за обврските за унапредувањето на ЕМЖМ
- Организирани семинари од областа на родовата еднаквост и правата на жените
- Организирани обуки за стекнување вештини за родова анализа

„Овој материјал е овозможен со поддршка од американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД) во рамки на Проектот на УСАИД за граѓанско општество. Содржината на материјалот е одговорност на Акција Здруженска и не ги изразува ставовите на УСАИД или на Владата на Соединетите Американски Држави. “